**ЗАПИСНИК**
***од Седмата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 14 март 2012 година, сала Борис Трајковски, Собрание на Република Македонија (заедничка седница со Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија)***

Заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања започна во 11.21 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г.Хајрула Мисини, претседател на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија.

На заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања беа поканети претставници од амбасадите на земјите-членки на Европската унија. На седницата присуствуваше г-ѓа Марина Курте, советник за европски интеграции и правни прашања во Делегацијата на ЕУ во Република Македонија.

На седницата присуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Илија Димовски, г. Александар Спасеновски, г. Кенан Хасипи, и г. Гордан Георгиев, пратеници и членови на Националниот совет за евроинтеграции, г. Димитар Стевананџија пратеник и заменик на член на Советот, г. Хајрула Мисини, претседател на Комисијата за европски прашања, г. Арбен Љабеништа, заменик претседател на Комисијата за европски прашања, г. Павле Трајанов, г. Јани Макрадули, г-ѓа Косана Николиќ-Мазнева, г-ѓа Владанка Авировиќ, г-ѓа Маринела Тушева, г. Ивон Величковски, г. Миле Пачемски, пратеници и членови на Комисијата за европски прашања, г. Милорад Додевски, г. Тони Трајковски, г-ѓа Цветанка Иванова и г-ѓа Станка Анастасова, пратеници и заменици членови на Комисијата за европски прашања, г. Димитар Мирчев член на Советот и претставник од Кабинетот на претседателот на Република Македонија, г. Живко Митревски претставник на Советот од Сојузот на синдикати на Македонија, г. Дојчин Цветановски претставник на Советот од Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, г-ѓа Тања Хафнер Адеми претставник на Советот од Граѓанската платформа на Македонија, г. Томе Колев претставник од Католичка црква и г-ѓа Јана Ничота, заменик претставник од Еврејска заедница на Република Македонија.

На седницата присуствуваа претставници од Службата на Собранието на Република Македонија, Министерството за надворешни работи и медиумите.

На седницата беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред**

*- Усвојување на записникот од Третата седница одржана на 25октомври 2011 година*

*- Усвојување на записникот од Четвртата седница одржана на 27 октомври 2011 година*

*- Усвојување на записникот од Петата седница одржана на 27 декември 2011 година*

*- Усвојување на записникот од Шестата седница одржана на 8 февруари 2012 година*

- Информација за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2011 за периодот од 01.10.2011- 31.12.2011 година.

Записниците од Третата седница одржана на 25 октомври 2011 година, Четвртата седница одржана на 27 октомври 2011 година, Петтата седница одржана на 27 декември 2011 година и Шестата седница на Националниот совет за евроинтеграции одржана на 8 февруари 2012 година, беа усвоени едногласно без забелешки.

На предлог на претседавачот со седницата на двете тела, се водеше заедничка расправа по единствената точка од усвоениот дневен ред,

Расправата по точката од дневниот ред ја отвори претседателот на Комисијата за европски прашања, г. Хајрула Мисини, при што ги извести членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции и членовите на Комисијата за европски прашања, дека Информацијата за реализираните активности од (НПАА - ревизија 2011, за периодот 01.10.2011-31.12.2011, нема да биде презентирана од страна на г-ѓа Теута Арифи заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжена за европски прашања поради работни ангажмани и претстојна средба со Европскиот комесар за проширување г. Штефан Филе.

На почетокот од дискусијата беше поздравен Пристапниот дијалог на високо ниво кој започна на 15 март 2012 година, за 23-то и 24-то поглавје кои се однесуваат на: правосудството и фундаменталните права, правдата, слободата и безбедноста. Мисини истакна дека Информацијата за реализираните активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2011 за периодот од 01.10.2011 - 31.12.2011, претставува Владин документ преку кој се презентираат институционалните реформи и сработеното на Република Македонија за последното тромесечје од минатата година.

Во расправата на заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања, со свои дискусии, сугестии и препораки, учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Александар

Спасеновски, пратеник и член на Советот, г. Хајрула Мисини претседател на Комисијата за европски прашања и член на Советот, г. Јани Макрадули, Потпретседател на Собранието на Република Македонија и член на Комисијата за европски прашања и г. Павле Трајанов пратеник и член на Комисијата за европски прашања.

Седницата на Советот заврши во 12.16 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Седмата седница на Националниот совет за евроинтеграции и списокот на присутни членови и нивни заменици и претставници на Советот и нивни заменици.

Број 30-1133/4
15. 06. 2012

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ
ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ
Радмила Шекеринска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ

РАКОВОДИТЕЛ НА
СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА
НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ
ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ
Даниела Велковска

Подготвил: Г. Котевски
Контролирал: И. Коробар
Одобрил: Д. Велковска